Бр./Nr 12-2074/3
10-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-мата седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1155/1 од 22.03.2025 година, и кон него споениот предмет број 12-1482/1 од 12.05.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконитости во постапка за издавање на диплома за магистер од страна на Универзитетот /// – /// заради овозможување на исполнување на услов за именување на функција директор, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во врска со случајот веќе постапил друг надлежен орган – Државниот просветен инспекторат којшто извршил инспекциски надзор при кој не биле констатирани неправилности.

Предметот со број 12-1155/1 од 22.03.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 22.03.2025 година, поднесена е пријава со наводи за незаконитости во постапка за издавање на диплома за магистер од страна на Универзитетот /// – /// заради овозможување на исполнување на услов за именување на функција директор, и оформен е предмет број 12-1155/1 од 22.03.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконитости во постапката за издавање на диплома за магистер од страна на Универзитетот /// – /// на лицето ///, со која диплома ова лице исполнило еден од условите за именување на функцијата директор на ///.
Подносителот на пријавата изразил сомневање дека во насока на овозможување на кандидатот /// да исполни еден од условите за именување на функцијата директор на

/// на која бил именуван во 2024 година, процедурата за пријавување и одбрана на магистерскиот труд на овој кандидат на Универзитетот /// – /// не била законски спроведена. Ваквото сомневање подносителот на пријавата, меѓу другото, го основа на тоа што на електронската платформа на Универзитетот /// не биле пронајдени резултати за распоред на одбрана на магистерскиот труд, не бил пронајден оглас за датум и време на јавна одбрана, не биле пронајдени членови на комисија и наслов на магистерскиот труд и не биле пронајдени фотографии од јавната одбрана на магистерскиот труд.
Воедно, изразеното сомневање подносителот на пријавата го основа и на тоа што софтверот за плагијати на Министерството за образование и наука во кој, согласно одредбите на Законот за научно-истражувачка дејност, менторот на магистерскиот труд задолжително го внесува трудот најмалку 30 дена пред одбраната на трудот, од јануари 2024 година до датумот на именувањето на лицето /// за вршење на јавна функција работел отежнето, и смета дека менторот во текот на постапката за издавање на дипломата за магистер немал добиено извештај од проверките.

Врз основа на Заклучок на Колегиум на ДКСК одржан на 11.06.2025 година, кон предметот со број 12-1155/1 од 22.03.2025 година споен е предметот со број 12-1482/1 од 12.05.2025 година, оформен по пријава со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата по која е оформен предметот со број 12-1155/1 од 22.03.2025 година.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барања за доставување податоци и информации до Државниот просветен инспекторат и до Министерството за образование и наука.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на Барањата на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Во однос на наводите за незаконитости во постапката за одбрана на магистерски труд во која била издадена диплома за магистер на кандидатот ///, Државниот просветен инспекторат на барање на ДКСК извршил вонреден инспекциски надзор над субјектот Универзитет /// – ///, и во Записник /// од /// година, утврдил дека кандидатот /// се запишал на втор циклус постдипломски студии на /// факултет – /// при Универзитетот /// – /// во академската /// година. По полагање на испитите, до Наставно-научниот совет била доставена пријава за утврдување на предложена тема за изработка на магистерски труд под наслов ///, која со Одлука на Наставно-научниот совет донесена на седница одржана на 10.04.2024 година била прифатена при што бил определен ментор до кого била доставена скица на магистерскиот труд. Од страна на менторот на ден 17.05.2024 година во однос на трудот било дадено позитивно мислење. Комисија

формирана од Наставно-научниот совет на ден 23.05.2024 година дала Извештај за оцена на магистерскиот труд со предлог – Наставно-научниот совет да го прифати Извештајот за оцена на трудот и да определи датум и место за негова одбрана.
На седница одржана на 18.06.2024 година Наставно-научниот совет донел одлука за прифаќање на Извештајот за оцена на магистерскиот труд, формирал Комисија за одбрана на магистерскиот труд и донел одлука за јавна одбрана на магистерскиот труд на ден 25.06.2024 година во /// часот во Предавална бр./// на Универзитетот /// – ///, за што бил издаден акт под наслов /// со наведено време, место и Комисија за одбрана на магистерскиот труд. Одбраната на магистерскиот труд била спроведена на ден 25.06.2024 година, за што бил воден и Записник, по што Комисијата за одбрана на магистерскиот труд едногласно донела одлука дека студентот успешно го одбранил магистерскиот труд под горенаведениот наслов. На кандидатот му била издадена диплома за завршен втор циклус студии, и истиот бил евидентиран во Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии.
Во Записникот /// од /// година на Државниот просветен инспекторат е утврдено дека во однос на предметот на надзорот не се утврдени неправилности во надлежност на Државниот просветен инспекторат.
Во однос на функционирањето на софтверот за плагијати во посочениот период, Министерството за образование и наука ја извести ДКСК дека системот за проверка на плагијати со кој управува Министерството претставува алатка на менторите за лесно и ефикасно откривање на плагијати на веќе објавени, оценувани или презентирани трудови кои веќе се поставени во базата на системот, дека неговото функционирање и тековно и во текот на 2024 година се одвива и се одвивало непречено, без застој и пречки во работењето.
При извршени проверки во базата за проверка на плагијати на внесувањето на магистерскиот труд на кандидатот /// и на издавањето на извештајот, Министерството за образование и наука ја извести ДКСК дека магистерскиот труд на лицето ///, магистер по /// на /// факултет - /// при Универзитет /// – ///, со наслов ///, бил прикачен во базата за проверка на плагијати од страна на менторот-корисник ///, по што бил генериран извештај.
Министерството за образование и наука во доставениот одговор на Барањето на ДКСК упати на веќе извршениот надзор од страна на Државниот просветен инспекторат.

/// бил именуван за директор на /// на предлог на министерот за /// на седница на Владата одржана на /// година.

Според член 16 од Закон за полиција, со Бирото раководи директор, кој на предлог на министерот го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија, за

време од четири години. За директор може да биде именувано лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос во Полицијата предвидени со овој закон, исполнува и други посебни услови, меѓу кои и да има стекнато најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен најмалку VII/2 степен на образование во научните подрачја: општествени науки од областа на безбедноста, одбраната, правните и економските науки.

Имајќи ја предвид фактичката состојба утврдена при инспекцискиот надзор извршен од страна на Државниот просветен инспекторат, ДКСК утврди дека во врска со наводите за незаконитости во постапката за издавање на диплома за магистер од страна на Универзитетот /// – /// на лицето ///, со која диплома ова лице исполнило еден од условите за именување на функцијата директор на /// веќе постапил друг надлежен орган којшто не констатирал неправилности.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar